РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA PËR MBIKËQYRJE TË FINANCIMIT KAPITAL TË SIGURIMIT PENSIONAL
Бр.-Nr. 04-909/2
23.06 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Република Северна Македонија**

**Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**

Врз основа на член 48 и 49 од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22 ), член 11 од Колективниот договор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (бр. 01-675/4 од 26.05.2015, бр. 01-1507/08 од 30.12.2016, бр. 01-232/7 од 06.04.2017, бр. 01-500/11 од 03.05.2018, бр. 01-870/7 од 26.06.2019, бр. 01-260/5 од 30.03.2021 и 01-756/3 од 31.05.2022) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/15, 35/18, и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 303/20)

АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ОБЈАВУВА

ИНТЕРЕН ОГЛАС бр. 6

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, со цел пополнување на работно место со унапредување на административен службеник, има потреба од:

- еден (1) извршител за работно место – Помлад соработник за финансиска контрола - шифра МАП0101В04002.

Општи услови за пополнување на работното место Помлад соработник за финансиска контрола :

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови за пополнување на работното место - Помлад соработник за финансиска контрола утврдени во Законот за административни службеници, Колективниот договор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, како и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување
се :

Стручни квалификации:

- за ниво В04 - VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) или правни науки и
- со или без работно искуство во струката.

Посебни работни компетенции:

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во истата институција, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветното ниво во Законот за административните службеници, Колективниот договор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и во Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.

Покрај наведените услови кандидатот треба:

- да не е оценет со оцена "Г" или "Д" при последното оценување,
- да е на работно место кое согласно Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување е на непосредно пониско ниво од работното место или да е на работно место во рамките на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) работни дена, сметано од денот на објавување на огласот (не сметајќи го денот на самото објавување).

Дневно работно време – од 08/09 часот до 16/17 часот;
Работни денови: Понеделник – Петок;
Неделно работно време: 40 (четириесет) часа.

Паричниот нето износ на збирот на делот на основната плата со кој се вреднува степенот на образование и делот на плата за ниво изнесува – 36,607.00 денари.

**Напомена:** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата и доказите ќе се дисквалификува од натамошната постапка.

Заинтересираните административни службеници, за наведените работни места, треба да достават пополнета пријава и документи со кои се докажува исполнувањето на бараните услови, до архивата на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, во рок од 5 дена од денот на објавувањето на овој оглас.

Агенција за супервизија на капитално
финансирано пензиско осигурување

# ПРИЈАВА

**на Интерен оглас бр. 6 објавен од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**

Јас ________________________________________________________________

________________вработен во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на работно место ________________________ ниво/категорија ________________________ и работно искуство (период и место) ____________________________________________________________________

______________________________________________.

Обуки на кои сум присуствувал се следните: ____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________.

*(Пожелно е вработениот да приложи документи за успешно завршени обуки)*

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

*(Доколку вработениот бил ментор или менториран работник да ја опише активноста и да приложи потврди за успешно реализирано менторство)*

Датум__________

Место__________

Подносител на пријавата